**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 44-17/24
Скопје, 20 март 2020 година

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ**

<u>С К О П Ј Е</u>

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Дваесет и четвртата седница**
**на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 20 март 2020 година**

„ТОЧКА 20: Прашања и предлози

По повод Заклучокот донесен на Дваесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 18 март 2020 година по точка 1, а во врска со Преземање дополнителни мерки и активности за спречување на внесување, превенција и ширење на Коронавирус COVID-19, Владата заклучи Заклучокот број 2 да се измени и да гласи:

„2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи на секое лице кое ги напушта границите на Република Северна Македонија, да му даде да потпише лична изјава во која изјавува дека ја напушта територијата на Република Северна Македонија на своја одговорност и дека е запознаен дека заради пандемијата со вирусот COVID-19, голем број земји ги затворија граничните премини и е откажано или оневозможено движење во странство, поради што надлежните државни органи на Република Северна Македонија не можат да им гарантираат навремена помош за враќање во земјата.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Влада на Република Северна Македонија

Исклучок од ова се возачите на товарните моторни возила кои секојдневно преминуваат граничен премин од и во Република Северна Македонија или граѓани кои ги напуштаат границите поради здравствени причини или лекување во странство.“

**Прилог 1: Изјава**

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ДОСТАВЕНО И ДО:
-**Министерството за внатрешни работи**
-**Министерството за здравство**
-**Министерството за транспорт и врски**

Подготвил: Владимир Лазаревски
Контролирал: Љубица Р. Димовска / / Зоран Брњарчевски
м-р Ирма Мандева
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk